**ЗНАЕЈЌИ** дека Гоцевата мисла **“Светот е поле за културен натпревар меѓу** народите“ не претставува само негова лична импресија, туку еспресија на генетскиот код на Македонската цивилизација, како цивилизација: на мирот и љубовта наспроти војната и омразата и на толеранцијата и коегзистенцијата наспроти дискриминацијата и сегрегацијата.

**ИМАЈЌИ** предвид дека Гоце Делчев, роден на 4 февруари 1872 година во Кукуш а убиен на 4 мај 1903 година во Баница, Сер, Егејскиот дел на Македонија, е идеолог, организатор и великан на македонското револуционерно движење во XIX и XX век, а **ПО ПОВОД** 149 годишнината од неговото раѓање:

**Македонците од сите делови на Македонија, во татковината и светот, на Семакедонскиот собир во организација на Граѓанската иницијатива за национална, културна и европска интеграција на Македонскиот народ, одржан на 3 и 4 февруари 2021 година во Прилеп, Република Македонија, ја донесоа следната**

## РЕЗОЛУЦИЈА
### за Гоце Делчев и Илинденското востание

**1) Неотуѓиво национално и граѓанско право на секој народ па и македонскиот е по свое самонаоѓање да утврди која личност оставила и создала животни дела посветени на својот народ и е достојна да го слави како свој херој и деец.Во тој контекст ,никој не може да му го ограничува,одзема или негира тоа право.**

**(2)** Гоце Делчев е Македонец, Илинденското востание е Македонско востание и се неотуѓив и нераскинлив дел од културно-историското наследство на Македонскиот народ и на државата Македонија.

**(3)** Се' додека за Софија, Македонија е дел од Бугарија, Македонците се Бугари, а Македонскиот јазик е дијалект на Бугарскиот јазик, овај став ќе се смета како обид Македонија од држава да стане територија без народ и историја чиј администратор ќе биде Софија и ваквата политика ќе се третира како непријателска за македонскиот народ.

**(4)** Доколку ЕУ ја толерира ваквата политика на Бугарската влада, македонскиот народ , ќе смета дека промената на неговиот идентитетот не може да биде услов за влез во ЕУ односно претставува негирање на основните европски вредности.

**(5)** 2 август е Ден на државноста на Македонија и Македонците и понатаму ќе го одбележуваат самостојно и достоинствено.

**(6)** Сметаме дека културата и историјата на Македонија не се ексклузивно право, туку преку присутноста на деловите од македонскиот народ на цел балкан , дел од културно-историскиот идентитет на сите балкански демоси како современи политички нации. Дел од Македонскиот етнос , бил и денеска е физички,духовно и интелектуално присутен во историските и опшествените текови во сите околни држави,творел ,твори работел и сеуште работи како лојален граѓанин во тие држави независно од разликите во читањето на историјата од аспект на актуелната гео-политика, дури и независно од разликите меѓу современите литературни јазици како производ на современите политички нации.

**(7)** И покрај се' и после се, предлагаме македонско-бугарско историско помирување со бугарско извинување за историските и општествените неправди врз Македонскиот народ и македонските евреи за време на фашистичата окупација во 1941 год на Македонија , и склучување на Договор за траен мир и добрососедство меѓу Македонија и Бугарија, но врз основниот принцип на меѓународното право на еднаква сувереност што подразбира: взаемно почитување и разбирање, соработка по сите прашања од заеднички интерес, немешање во внатрешните работи и реципроцитет во меѓусебните односи.

**(8)** Оваа Резолуција влегува во сила со нејзиното донесување.

## Потписници на декларацијата:

1.ОМО „Илинден„ - Пирин – Р.Бугарија
- претставник Стојко Стојков

2.ОМО „Илинден„ Р.Бугарија
– претставник Кирил Тилев

3.„Македонско културно здружение Стоби„ Сплит
- претставник Ангел Митревски

4.„Обединети македонци„ – Канада
– претставник Драги Стојкоски

5.Австалија
–претставник д-р.Ицо Најдоски Перин



6.Македонско движење за промоција на мајчиниот јазик „Крсте Мисирков„ Грција
– претставник Евгенија Натсулиду, претседател: Архимандрит Никодим Николаос Царкњас



7.„Партија македонска алијанса за Европска интеграција во Албанија„ (МАЕИ) Р.Албанија
– претставник :генерален секретар Тачо Гроздани

8.„Македонско движење за човекови права„ невладина организација Р.Грција
-претставник : Христос Сидропоулус

